Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 јуни 2020 година, донесе

**УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА**
**ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО 2020 ГОДИНА**

**Член 1**

За исплата на финансиските средства за годишно финансирање на политичките партии, предвидени со Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12,23/13 и 140/18) и со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/19) се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

**Член 2**

Вкупните средства за годишно финансирање на политичките партии за фискалната 2020 година се во висина од 0,04% од вкупните изворни приходи на Буџетот на Република Северна Македонија.

Средствата од ставот 1 на овој член ќе се исплатат од финансиските средства наменети за годишно финансирање на политичките партии, предвидени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/19), во износи и на начин согласно членот 10 ставовите 1 и 2 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12,23/13 и 140/18).

**Член 3**

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр.44-6068/1**
**19 јуни 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА**
**МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**